РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2558/1
30-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница одржана на ден 29.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-2687/1 од 08.10.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за неправилности во работењето на фирмата „-----------------“ ------------- _------------ поради прикривање на несреќа на работа во која подносителот се здобил со тешки телесни повреди, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што за пријавените наводи постапиле други надлежни органи, кои во рамките на своите законски надлежности ја утврдиле фактичката состојба за случајот и донеле акти од своја надлежност.

Предметот со број 12-2687/1 од 08.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

На ден 08.10.2025 година, до ДКСК доставена е пријава од познат подносител, во која се изнесени во која се изнесени наводи за сомневање за неправилности во работењето на фирмата „--------------“ ----------- ------------ поради прикривање на несреќа на работа во која подносителот како вработен се здобил со тешки телесни повреди, по што е оформен предмет број 12-2687/1 од 08.10.2025 година.
Подносителот во пријавата информира дека на ден 08.07.2020 година, извршувајќи работни задачи на работното место, се здобил со тешки телесни повреди, за кои била извршена итна хируршка интервенција. Подносителот наведува дека машината за протектирање на гуми, со која управувал и работел, не била во исправна состојба, а исто така не бил соодветно обучен за управување со истата. Исто така, подносителот посочува

дека несреќниот случај и постоечките неправилности во фирмата, на несреќниот ден, биле прикриени од страна на сопственикот на фирмата ------------------------ од -----------------.
Во врска со несреќниот случај, подносителот поднел кривична пријава за кривично дело „Тешки дела против општата сигурност“ од член 292 став 3 од КЗ и кривично дело „Непријавување на кривично дело или сторител“ од член 364 став 1 од КЗ до Основното Јавно Обвинителство -----------, против сопственикот на фирмата ---------------- од ----------- и управителот ---------------------------.
По кривичната пријава, од ОЈО ----------------- било донесено Решение со бр.КО.бр.------/----- од 04.03.2025 година, со кое била отфрлена кривичната пријава бидејќи пријавените дела не се кривични дела за кои се гони по службена должност.
Незадоволен од донесената одлука на ОЈО -----------, пријавителот, во својство на оштетен, изјавил Жалба до Вишото Јавно Обвинителство -----------, по која е постапено и донесено е Решение КОЖ1 бр.----/--- од 30.05.2025 година, со кое жалбата изјавена од оштетениот ----------------------не се уважува, а обжаленото Решение на ОЈО ---------- се потврдува. Во образложението на ова Решение е наведено дека жалбата е неоснована од причина што за јавниот обвинител од прибавените докази не произлегло дека во дејствијата на осомничените лица биле содржани суштествените обележја на кривичното дело „Тешки дела против општата сигурност“ од чл.292 ст.3 во врска со со член 290 ст.3 во врска со чл.364 ст.1 од Кривичниот Законик, како ни некое друго кривично дело за кое се гони по службена должност.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК констатира дека во конкретниот случај станува збор за повреда на индивидуално право на подносителот на пријавата и утврди дека за истото постапиле други надлежни органи – ОЈО --------- и Вишото јавно обвинителство -----------, кои во рамките на своите законски надлежности ја утврдиле фактичката состојба за случајот и донеле акти од своја надлежност.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З. – член на ДКСК